ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СУ-05.бр.29/22-2
04.08.2022 год.
К р а т о в о

# П Р Е Д Л О Г
# Б У Џ Е Т С К О  Б А Р А Њ Е
# ЗА 2023 ГОДИНА НА ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
за висината на бараните средства за 2023 година

Основниот суд Кратово согласно Вашиот допис бр.03-821/1 од 27.06.2022 година Ви го доставува Предлог буџетското барање за 2023 година со образложение за бараните средства и за тоа како е дојдено до зголемување на одредени ставки на планираните средства во споредба со дадените максимални индикативни трошоци од Судскиот буџетски совет.

### *А. Категорија 40 – Плати и надоместоци*

Проекцијата на средства за категоријата 40 - Плати и надоместоци кои се внесени во обрасците Б се планирани во реален износ и тоа согласно фактичката состојба на вработените во судот, во која пресметка се додадени и средствата потребни за реализација на планираните нови вработувања во предлог Годишниот план за вработување за 2023 година, а додека во Единствениот Годишен план за вработување за 2022 година од страна на Судски буџетски совет не е одобрено ниту едно вработување во судот.

Во рамките на оваа категорија се планирани и додатоци на плата и тоа за Судиите во висина од 35% на основната плата како максимално предвиден износ во Законот за платите на судиите и за судските службеници во висина од 25% на основната плата како максимално предвиден износ во Законот за судска служба. Исто така се планирани и надоместоци за прекувремена работа на припадниците на судската полиција до максимално 150 часа во текот на годината по вработен, како и за сите вработени е планиран надоместок за регрес за годишен одмор кој што е предвиден во Колективниот договор. Предвидено е и законското зголемување на платите по основ на минат труд за 0.5% за секоја започната година работен стаж за секој вработен.

Имајќи го предвид ова доаѓа до зголемување во проекцијата за потребни средства во оваа категорија и тоа доаѓа до зголемување на ставките **401 – основни плати** и **402 - придонеси за социјално осигурување и 404 – надоместоци.** Истите износи соодветно се внесени во образецот Б за проекција на приходи и расходи.

Основен суд Кратово го изготви предлог годишниот план за вработување за 2023 година кој што го доставуваме во прилог. Во истиот се внесени моменталниот број на вработени во судот, пензионирањата во текот на 2022 година, планираните пензионирања во 2023 година како и планираните нови вработувања за 2023 година.

Во годишниот план за вработување за 2022 година се планирани 3 заминувања во пензија во 2022 година и тоа 1 (еден) судски службеник на работно место Судски референт – дактилограф, 1 (еден) судски службеник на работно место Судски референт за прием и експедиција на пошта кои што ги исполнуваат условите за право на старосна пензија со навршување на 62 години старост како и 1 (еден) припадник на судската полиција.

За 2022 година беа планирани 10 нови вработувања од кои што 6 работни места се пополнувања на испразнети места поради пензионирање во 2021 и 2022 година, а додека другите 4 се нови вработувања кои што се неопходни да се пополнат поради зголемениот обем на работа во судот и се предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во судот. Бидејќи од страна на СБС за 2022 година не беше одобрено ниту едно вработување во ОС Кратово па поради ова истите вработувања се планирани и во Годишниот план за вработување за 2023 година со планирано уште едно вработување поради пензионирање на уште еден судски службеник во наредната 2023 година.

Работните места кои се планираат за пополнување во 2023 година се следните:

1. Судски референт – дактилограф – 2 извршители

- Овие две работни места се изпразнети поради пензионирање и тоа едно на 18.07.2021 година и едно во 2022 година (на 13.07.2022 год.). Во ОС Кратово предвидени се 3 судии да ја извршуваат функцијата вклучувајќи го и Претседателот на судот, па доколку овие две работни места – дактилографи не се пополнат двајца судии ќе останат без дактиограф и нема да можат да ја извршуваат својата работа бидејќи во моментот е пополнето само едно работно место дактилограф.

Во актот за систематизација на работните места предвидени се 4 извршители на работното место Судски референт – дактилограф, а бидејќи заминаа во пензија наведените двајца судски службеници останува пополнето само едно место, па поради ова повеќе од неопходно е пополнувањето на овие 2 работни места во 2023 година, а како би можело судиите да ја извршуваат судската функција и навремено и ефикасно да постапуваат по судските предмети. За овие работни места не се потребни дополнителни финансиски средства од буџетот бидејќи со истите се пополнуваат испразнетите места по основ на пензионирање.

2. Судски референт – за прием и експедиција на пошта

Ова работно место на 24.10.2022 година ќе се испразни поради заминување во старосна пензија на судскиот службеник вработен на ова работно место и со тоа во приемното одделение ќе нема кој да ги извршува работите на ова работно место со што судот ќе се соочи со застој во приемот на сите видови поднесоци кои странките ги доставуваат во судот, така што ќе има голем проблем во тековното работење и извршување на секојдневните обврски на ова работно место.

3. Помлад судски референт – доставувач

Ова работно место во текот на 2023 година ќе се испразни поради заминување во старосна пензија на судскиот службеник вработен на ова работно место и со тоа ќе остане само еден вработен судски доставувач, а во систематизацијата се предвидени 6 извршители, па поради тоа ќе дојде до застој во нормалната достава на судската пошта имајќи во предвид дека подрачјето за кое што е надлежен ОС Кратово покрива голема територијална површина и само еден доставувач нема да може да постигне навремено да ја изврши доставата со што ќе дојде и до застој во работата на судските предмети. Поради ова неопходно е пополнување и на ова работно место во 2023 година.

4. Самостоен судски референт – водител на писарница 1 -извршител

Работното место водител на писарница во прекршочно одделение е испразнето поради заминување во пензија на судскиот службеник сметано од 12.06.2021 година. Поради ова прекршочното одделение во кое имаше само еден вработен сега останува без ниту еден вработен и се доведува во прашање функционирањето на ова одделение доколку ова работно место не се пополни. Во моментот на ова работно место е вработено едно лице на определено време до 31.12.2022 година, но ова решение е привремено и на долг рок неможе да опстои и ќе дојде до проблем нормалното работење на прекршочното одделение. Пради ова крајно неопходно е пополнување на ова работно место во 2023 година кое што е испразнето поради пензионирање.

5. Припадник на судска полиција – 1 извршител

Ова работно место се испразнува во 2022 година поради заминување во пензија на еден припадник на судската полиција, па поради ова во судот од предвидени 5 припадници на судската полиција во актот за систематизација на работните места ќе останат пополнети само 3, што ќе го доведе во прашање нормалното функционирање на судската полиција и 24 часовното обезбедување на судската зграда, па поради тоа неопходно е пополнување на барем 1 работно место во 2023 година иако остануваат испразнети 2 работни места - Припадник на судска полиција. Ова работно место се испразнува поради пензионирање и поради тоа не се потребни дополнителни финансиски средства од буџетот.

6. Помлад судски соработник – 1 извршител

Во Основен суд Кратово во моментот работат 2 судии вклучително со Претседателот на судот, а има вработено само еден судски службеник од категоријата В – Стручни судски службеници, кој е унапреден оваа година и сега е со звање „Судски советник". Во актот за систематизација на работните места предвидени се 3-извршители на работно место „Судски соработник" и 1- извршител на работно место „Помлад судски соработник", а во моментот не е пополнето ниту едно. Поради ова неопходно е пополнување на ова работно место Помлад судски соработник, кој што ќе извршува стручни работи и ќе помага во работата на судиите.

7. Судски соработник – 1 извршител

Имајќи во предвид дека во судот има вработено само еден судски службеник од категоријата В – Стручни судски службеници и тоа на работното место „Судски советник", па поради тоа бидејќи во актот за систематизација на работните места во судот се предвидени 3-извршители на работно место „Судски соработник", а нема пополнето ниту едно место, па поради тоа е неопходно ова работно место да биде пополнето бидејќи во судот има недостаток од стручен кадар и истото е повеќе од неопходно за нормално функционирање на работата во судот. Судот постојано се соочува со проблеми во работата кога е отсутен сега судскиот советник и истиот нема кој да го замени, бидејќи е единствен вработен од категоријата В – Стручни судски службеници, а исто така и при формирање на комисии за вработување, дисциплински комисии, комисија за јавни набавки, за оценување на судските службеници и други комисии каде што има потреба од учество на стручни судски службеници.

8. Самостоен судски референт – технички секретар на претседателот на судот - 1 извршител

- За ова работно место во моментот е дозволено вработување на определено време до 31.12.2022 година, а истото е неопходно бидејќи Основен суд Кратово како суд со основна надлежност нема Администратор па сите технички, помошни, административни работи и задачи во судската управа ги извршува техничкиот секретар на претседателот на судот.

9. Виш судски референт - архивар

Ова работно место е предвидено во актот за систематизација на работните места во судот, но истото никогаш не е пополнето. Судската архива се наоѓа во крајно несредена состојба и истата не е средувана подолг временски период од неколку десетици години бидејќи во судот нема вишок на човечки ресурси кои што би можеле да се распоредат повремено да ја вршат и архивската работа, од причина што основните

работни места не се пополнети и истите се покриваат од актуелните вработени кои што и така се во минимален број. Поради тоа неопходно е ова работно место да биде пополнето, а како би дошло до средување на архивскиот материјал во судот и подобрување на состојбата со архивата и понатамошно редовно работење со архивирањето на предметите во судот.

Укажуваме дека состојбата со човечките ресурси во Основен суд Кратово е крајно неповолна па и со одобрувањето на Годишниот план за вработување за 2023 година иако би се подобрила состојбата сепак нема да се достигнат стандардите поставени за нормално функционирање на судот, а во однос на потребата за секој судија по еден стручен судски службеник, по 0,6 судски службеници во одделение на еден судија, а кое нешто е видливо ако се погледне бројот на судии и бројот на вработени во АБМС апликацијата.

Во моментот во Основен суд Кратово по основ на вработувања на определено време до 31.12.2022 година се вработени двајца судски службеници и тоа: Самостоен судски референт- водител на писарница во прекршоцно одделение и Судски референт – Дактилограф, а кои што се предвидени во Годишниот план за вработување за 2022 година па доколку истите не се пополнат состојбата во судот ќе остане неодржлива и судот нема да може да функционира.

На барање на Основен суд Кратово се добиени Согласности од Министерсво за Финансии за вработување на определено време до 31.12.2022 година на двајца судски службеници и тоа Самостоен судски референт-Технички секретар на претседателот на судот и Судски референт – Дактилограф за кои ќе следи постапка за вработување.

Основен суд Кратово во 2023 година не планира унапредувања на судски службеници бидејќи Претседателот на судот смета дека нема судски службеник кој што ги исполнува условите за унапредување во повисоко ниво, па поради тоа и не се предвидени унапредувања во Годишниот план за вработување за 2023 година.

***Б. Категорија 42 – Стоки и услуги***

При проекцијата на потребните средства за оваа категорија Основен суд Кратово се водеше од Критериумите за подготовка на судскиот буџет и индикативните вкупни трошоци, како и се направи анализа на одобрените и реализирани средства од претходните години.

Во проекцијата за 2023 година на ставката **421** - Комунални услуги, греење комуникација и транспорт имаме зголемување на предвидените средства во индикативните вкупни трошоци и тоа на потставката **421130** – ѓубретарина од 20.000,00 ден. на 30.000,00 ден. поради зголемените трошоци за оваа услуга. На потставката **421310 – пошта** има зголемување од 480.000,00 ден. на 650.000,00 ден. поради зголемените трошоци за поштарина. На потставката **421320 – телефон и телефакс,** имаме зголемување од предвидените 92.000,00 ден. на 150.000,00 ден. На **421410** има зголемување од 40.000,00 ден. на износ од 110.000,00

ден. поради значителното зголемување на цената на нафтата, на **421420-регистрација на моторни возила** има зголемување од 8.200,00 ден. на износ од 20.000,00 ден. од причина што услугата за техничкиот преглед и полисата за осигурување за патничкото моторно возило ауди 80 со кое располага судот е зголемена и истиот износ е реален износ за подмирување на оваа неопходна обврска.

На ставката **423 - Материјали и ситен инвентар** имаме зголемување на предвидените средства на потставката **423210 - материјали за АОП –** од 138.000,00 ден. на 220.000,00 ден. бидејќи има зголемување на цените на овие материјали, а е зголемен обемот на работа во судот, односно зголемување на бројот на предмети, со најавено зголемување на нови прекршочни предмети и за наредната година, па поради тоа и потрошувачката на тонери за принтерите е зголемена и ќе биде поголема и во наредната година. На потставката **423310** – Униформи - износот е зголемен од 30.000,00 ден. на 60.000,00 ден. поради потребата од набавка на униформа за новиот судски полицаец кој треба да биде вработен, на **423320 – обувки** исто така има предвидено зголемен износ од 10.000,00 ден на 20.000,00 ден. поради потребата од набавка на обувки на судските полицајци, на потставката **423710 – средства за одржување на хигиена,** исто така има зголемување на предвидените средства од 46.000,00 ден. на 60.000,00 ден. имајќи ја во предвид потребата од зголемено одржување на хигиената во судската зграда поради состојбата со пандемијата од вирусот Ковид - 19, па оттука и потребата од зголемување на трошоците за набавка на средства за дезинфекција и одржување на хигиената.

На ставката **424** имаме зголемување на предвидените средства на потставката **424110 – поправка и сервисирање на лесни возила,** од 50.000,00 ден. на 60.000,00 ден. од причина што судот располага со едно патничко моторно возило ауди 80 кое што е произведено 1979 година и истото веќе е дотраено со постојани дефекти, така што мора постојано да се носи на сервис со цел да се одржува во возна состојба и со тоа и трошоците за одржување на моторното возило мора да се предвидат. Исто така има зголемување и на потставката **424420 - поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема,** од 23.000,00 ден. на 95.000,00 ден. од причина што дел од информатичката опрема е веќе постара од 10 години и често се појавуваат дефекти на компјутерите и на принтерите, а истите мора да се поправаат како не би дошло до застој во редовната работа на судот.

На ставката **425** имаме зголемување на предвидените средства и тоа на потставката **425320 - судски вештачења,** од 80.000,00 ден. на 200.000,00 ден. од причина што во тек се кривични предмети каде што трошоците за судските вештачења ќе се зголемат и поради тоа мора да се предвидат, а како не би дошло до застој во работата со предметите. На потставката **425330** – судски преведувачи има зголемување од предвидените 12.000,00 ден. на 30.000,00 ден од причина што при постапка на екстрадиција во кривични предмети се зголемуваат потребните средства за превод на целата потребна документација. Исто така на потставката **425990- други договорни услуги** имаме зголемување од предвидените 200.000,00 ден. на 2.360.000,00 ден. од причина што планираме да се реализира услугата со Државниот архив

за одбирање на архивскиот материјал во судската архива, а која проценка е дадена од стручни лица од оваа институција.

На потставката 425990 – други договорни услуги предвидуваме износ од дадените 200.000,00 ден. на 2.360.000,00 ден. односно 2.160.000,00 ден. се планираат за договорни услуги со Државниот архив на РСМ за одбирање на архивски материјал со изработка на опис и попис, средување, обработка, издвојување на документарниот материјал на кој му изминале роковите за чување заради негово уништување со изработка на опис и попис, во хартиена форма. Ова од причина што по извршен инспекциски надзор од страна на овластен инспектор од Државен архив на РСМ одделение Куманово, е констатирано дека не е средена архивата во судот со задолжение да се изврши одбирање на архивскиот од документарниот материјал со рокови за чување во определен рок од страна на инспекторот. Имајќи ја во предвид ситуацијата со вработените во Основен суд Кратово, односно фактот дека има многу малку вработени и има голем недостаток на вработени судски службеници, а за што неколку пати е известуван како Судскиот буџетски совет, така и Судскиот совет на РСМ, ова дотолку повеќе што во 2021 и 2022 година заминаа во пензија 6 вработени, а од страна на СБС беше одобрено само 1 вработување со Годишниот план за вработување во 2021 година, а во 2022 година ниту едно вработување, исто така структурата на вработени судски службеници е таква што од стручните судски службеници има пополнето само едно работно место, а додека другите вработени се од групата на помошно стручни судски службеници, а исто така не е пополнето и работното место архивар во судот, па поради сите овие околности бидејќи судот не располага со потребните човечки ресурси, повикавме стручни лица вработени во Државен архив Куманово да извршат проверка и да се достави понуда за средување на дел од архивата во судот. Согласно ова беше доставен преддоговор од Државниот архив во кој што е наведена висината на цената за работата која треба да се изврши утврдена врз основа на Тарифникот за висината на надоместоците што ги наплаќа Државниот архив на РСМ и тоа за 1800 архивски кутии по 1.200,00 денари или вкупен износ од 2.160.000,00 денари. Во прилог го доставуваме предметниот преддоговор на ваше запознавање.

На ставката **426 - Други тековни расходи,** иако истата не е наведена во табелата со индикативни трошоци од ваша страна ние ја додадовме и предвидуваме средства на потставката **426410 – објавување на огласи** бидејќи судот во наредната година ќе има потреба од нови вработувања и за истите ќе биде потребно да се објават огласи во дневните весници па трошоците се предвидени на 140.000,00 ден. и мора да се планираат на оваа ставка како и на потставката **426990 – други расходи од судски предмети –** предвидуваме 60.000,00 ден.

### *В. Категорија 46 – Субвенции и трансфери*

Во оваа категорија се проектирани средства за отпремнина за еден вработен кој што ќе оствари право на пензија во 2023 година, а со тоа и согласно законот за Судска служба и Законот за извршување на буџетот на РСМ му следува отпремнина во двократен износ пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата. Овој вработен ќе го оствари правото да се пензионира со наврщување на 64 години живот, согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Исто така по направената анализа на прекршочните предмети е направена проекција и за прекршочните предмети во кои судските трошоци паѓаат на товар на судскиот буџет за наредната година, а точна евиденција за претходните 3 години во судот нема водено бидејќи исплатата се врши од страна на Судски буџетски совет.

### *Г. Категорија 48 – Капитални инвестиции*

Основниот суд Кратово во категоријата 48 - **Капитални инвестиции**, како приоритетни капитални расходи во 2023 година ги планира следните инвестиции:

**На ставката 480 – Купување на опрема и машини** е планиран износ од 1.270.000,00 денари од кои:

**На потставката 480160 – износ од 120.000,00 денари** за:

1.Набавка на 4 климатизери
Оваа набавка е потребна бидејќи во некои простории во судот нема воопшто инсталирано климатизери, а додека во некои простории пак истите се застарени и не се во функција и не можат да се поправат или пак поправката на истите е неисплатлива.

**На потставката 480190 – износ од 350.000,00 денари** за:

1. Набавка на метални архивски ормари – износ од 50.000,00 денари
Во судската архива која е сместена во подрумските простории во судот има потреба од нови метални ормари за сместување на архивираните предмети, бидејќи во постоечките ормари кои се во мал број капацитетот е исполнет и нема повеќе место за нови предмети.

2. Набавка на детектор врата – износ од 300.000,00 денари

Во Основен суд Кратово нема детектор врата, па со цел да се зголеми безбедноста во судската зграда потребно е истата да биде набавена.

**На ставката 481 – Градежни објекти** е планиран износ од 5.554.785,00 денари од кои:

**На потставката 481210** износ од 61.000,00 денари за:

1. Изготвување на проект за поставување фотоволтаици на судската згради заради обезбедување одржливи и економични извори на енергија

Имајќи ги во предвид инструкциите за подготовка на предлог буџетските барања на единките корисници на Судската власт на 2023 година во прилог на проекциите за капитални расходи е потребно задолжително да бидат доставени соодветни предлог пресметки или елаборати врз основа на кои се подготвени барањата за капитални инвестиции, па имајќи во предвид дека Основен суд Кратово за капитални инвестиции побарува финансиски средства предвидени во буџетот за 2023 година и тоа за инсталација на соларни панели и фотоволтаична централа потребно е да се изработи соодветен проект врз основа на кој ќе бидат и пресметани висината на средствата потребни за реализација на овие инвестиции.

**На потставката 481230** - износ од 5.493.785,00 ден.

1.Замена на прозорци - износ од 2.264.713,00 ден. + 134.195,00 ден. = 2.398.908,00 ден.

Неопходна е замена на старите и дотраени дрвени прозорци со нови ПВЦ-прозорци, а со цел подобра звучна и топлотна изолација, да се заштеди при затоплување на просториите во судот во текот на зимскиот период, а дополнително имајќи во предвид дека ОС Кратово се затоплува на електрична енергија со тоа и ќе се намалат и трошоците за електрична енергија која е во постојан пораст. Со ова се зголемува енергетската ефикасност на судската зграда.

2. Изработка на енергетски ефикасна фасада со реновирање на влезна партија (партер и настрешница) - износ од 978.779,00 ден. + 90.599,00 ден.+27.562,00 ден.= 1.096.940,00 ден.

Фасадата на судот е дотраена и на повеќе места веќе се одронува и паѓа, па со оглед на тоа, бидејќи судот се наоѓа на самата прометна улица во центарот на градот може да дојде и до несакани последици по непосредните минувачи до судската зграда. Замената со енергетски ефикасна фасада е дополнително потребна со цел да се задоволат стандардите и да се добие дополнителна топлотна изолација, како и за дополнително да се заштеди на потрошувачката на електрична енергија. Исто така влезот пред судот – партерот е во лоша состојба, плочките на земјата се искршени и небезбедни за движење и затоа потребно е реновирање на овој дел како и на настрешницата над влезот.

3. Замена на внатрешни врати – износ од 507.270,00 ден.

Замената на внатрешните врати е потребна од причина што истите се стари и дотраени, нефункционални, немаат звучна и топлотна изолација, при одржување на судењата се слушаат разговорите од ходникот пред салите за судење и пред судиските канцеларии, што претставува проблем за нормално одржување на судските рочишта од страна на судиите и судските службеници, во зимскиот период се губи толината од судските простории, па при замената со нови врати овие проблеми ќе бидат надминати.

4. Набавка и инсталација на фотоволтаични панели 870.000,00 ден.

Основниот суд Кратово, веќе неколку години наназад се соочува со проблеми од аспект на висината на одобрените финансиски средства при распределбата на годишните буџети за секој суд поединечно. За 2022 година од буџетската сметка има одобрено вкупно буџет од 1.380.000 денари, од кои на ставката 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, се одобрени средства во износ од 1.100.000 денари. Се утврди дека на оваа ставка судот има најмногу расходи од причина што затоплувањето на просториите во судската зграда е на парно греење кое што е на електрична енергија, што во текот на грејната сезона во зимските месеци предизвикува многу поголема потрошувачка на електрична енергија и со тоа ги зголемува сметките за електрична енергија за неколку пати. Од друга страна пак затоплувањето на електрична енергија е еколошко и не предизвикува загадување на животната средина што пак е еден од приоритетите на денешното живеење и кон што се стремиме сите ние за здрава животна средина. Исто така Основниот суд Кратово ја користи електричната енергија во текот на целата година за функционирање на информатичката технологија, сервери, комунални потреби, а во летниот период дополнително и за работа на клима уредите како и сите апарати кои користат електрична енергија. Имајќи го во предвид сето ова направивме истражување и анализа, а со цел да ги намалиме трошоците за електрична енергија, па дојдовме до заклучок дека најдобро решение би било судот да инвестира во проектирање и изведба на фотоволтаична централа односно фотоволтаични панели,- за производство на електрична енергија поставена на кровни површини која што од една страна ќе биде еколошка со користење на обновлив извор на енергија, а од друга страна ќе биде финансиски исплатлива. Поради ова побаравме реномирана компанија која се занимава со продажба и инсталација на ваков тип на фотоволтаични централи при што врз основа на нашите фактури за потрошена електрична енергија за последните 6 месеци од нивна страна ни беше доставена понуда за типот и јачината на фотоволтаична централа која би била соодветна за судот како и изработена пресметка за заштедата на електрична енергија за период од 6 месеци која што изнесува намалување од 20% на сметките за електрична енергија односно за износ од 366.080,00 денари за 6 месеци. Истата понуда ви ја доставуваме во прилог на ваше запознавање. Имајќи ја предвид оваа пресметка, средствата за планираната инвестиција би ги

повратиле за 2 години. За оваа капитална инвестиција имаме и доставено посебно барање до Судски буџетски совет СУ-05.бр.24/21 од 17.06.2021 година.

**На ставката 483 – Купување на мебел** износ од 150.000,00 денари од кои:

**На потставката 483110** износ од 150.000,00 денари за:

1.Набавка на канцелариски мебел

Оваа набавка е неопходна со цел замена на веќе амортизираниот канцелариски мебел како што: се фотељи, столчиња, маси и бироа во Претседателската канцеларија и друг дотраен канцелариски мебел кој што е стар повеќе од 40 години.

**На ставката 486 – Купување на возила,** износ од 900.000,00 ден.

**1. Набавка на патничко моторно возило**

Оваа набавка е повеќе од потребна бидејќи Основен суд Кратово во моментот располага со едно возило ауди 80 кое што е произведено 1979 година и истото веќе е дотраено со постојани дефекти, така што мора постојано да се носи на сервис со цел да се одржува во возна состојба, а со тоа и трошоците за одржување на моторното возило се големи и истото е неисплатливо за одржување, а од друга страна е и небезбедно за патување, нема ниту клима ниту пак парното греење е исправно. Поради ова набавката на ново патничко моторно возило мора да се обезбеди.

СМЕТКА 631 – сопствени приходи

При планирањето на сопствените приходи на сметката 631 земени се предвид остварените приходи од претходните две години од наплата на судските паушали бидејќи судот само по овој основ прибира средства на сопствената сметка. Согласно ова пополнета е и табелата соодветно за 2022 година со реален износ и планирани средства за 2023 и 2024 година. Соодветно е планирано и нивно распоредување согласно проектираните расходи за сметка 603/637.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово

ПРИЛОГ:
1. Решение за назначување на лица за подготовка на предлог буџет за 2023 година -СУ-05.бр.29/22
2. Годишен план за вработување за 2023 година СУ-04.бр.22/2022-3

3. Образец за систематизирани и пополнети работни места
4. Обрасци – (Б1,Б2,Б3,Б4,Б5)
5. Табела – неизмирени обврски
6. Табела – сопствени приходи
7. Образец – Индикативен план за јавни набавки
8. Елаборат за реконструкција на судот, изработен од ДТГУ „ЕВГЕНИЈА ПЛАН“, од Куманово со тех.бр.03-370/21 од јули 2021 год.
9. Преддоговор од Државен архив СУ-03.бр.41/22

**ОБРАЗЕЦ Б1**

# Проекција за приходи и расходи за 2023 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска/владина програма | ОСНОВЕН СУД КРАТОВО | Ознака на буџетска/владина програма | 817 |
| Име на буџетска/владина/развојна потпрограма | | Ознака на буџетска/владина /развојна потпрограма | |

| Приходна потставка | Опис | ПРОЕКЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Приходи од органи (631) | Приходи од самофинансирачки активности (787/788) | Приходи од донации (785) | Приходи од заеми (786) |
| | **Приходи** | **750.000** | | | |
| 724132 | **Остварени од паушали на судот** | 750.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Вкупно приходи со пренесено салдо од тековната година | **750.000** | **0** | **0** | **0** |

| | |
|---|---|
| Детално образложение за основот по кој се остваруваат приходите | |

* Планираниот износ на пренесеното салдо од тековната година да биде вклучен во приходната табела на соодветното приходно конто (741114).

| Расходна ставка | Опис | ПРОЕКЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет (637) | Расходи од приходи од органи (631) | Расходи од самофинансирачки активности (787/788) | Расходи од донации (785) | Расходи од заеми (786) |
| | **Расходи** | | | | | |
| | **Вкупно расходи** | **25.996.089** | **750000** | **0** | **0** | **0** |
| **40** | **Плати и надоместоци** | **11.913.304** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 401 | Основни плати | 8.548.764 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 3.324.540 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 403 | Останати придонеси од плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 404 | Надоместоци | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **41** | **Резерви и недефинирани расходи** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 414 | Резерви за капитални расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **6.145.000** | **750000** | **0** | **0** | **0** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 20.000 | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.245.000 | 250.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 550.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 270.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425 | Договорни услуги | 2.920.000 | 90.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426 | Други тековни расходи | 140.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 427 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **43** | **Тековни трансфери до вонбуџетските фондови** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 433 | Трансфери до Фондот за здравствено осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **44** | **Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 441 | Дотации од ДДВ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 442 | Наменски дотации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 443 | Блок дотации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 444 | Дотации за делегирани одделни надлежности | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | **Каматни плаќања** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 46 | **Субвенции и трансфери** | **63.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 462 | Субвенции за приватни претпријатија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464 | Разни трансфери | 63.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 47 | **Социјални бенефиции** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 471 | Социјални надоместоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 48 | **Капитални расходи** | **7874785** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1270000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 481 | Градежни објекти | 5554785 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482 | Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483 | Купување на мебел | 150000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 484 | Стратешки стоки и други резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 486 | Купување на возила | 900000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фодови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 488 | Капитални дотации до ЕЛС | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 49 | **Отплата на главнина** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |